# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр. 12-2869/2

Скопје 23.06 2017г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

**До:**
Здружение на граѓани, Центар за граѓански комуникации
ул. Кочо Рацин бр. 26-1/2
1000 Скопје

**За:**
Сабина Факиќ,
Застапник/полмомошник на подносителот на барањето

**Предмет:** Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувана,

Во врска со Вашето барање, за пристап до информации од јавен карактер заверено со ваш бр.0302-871/1 од 20.06.2017 година, доставено до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ден 22.06.2017 година, заверено со наш архивски бр.12-2869/1, со кое барате конкретни информации и документи за спроведената постапка за доделување на договор за јавна набавка, за услугата – мобилна телефонија за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Оглас бр.03/2017, согласно Овластувањето бр.02-2673/1 од 01.06.2017 година, Ве известуваме за следното:

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како договорен орган, со цел да обезбеди транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договорот за јавна набавка, конкуренција на економските оператори и нивен еднаков третман и недискриминација, спроведе анализа на пазарот за предметот на потребата од јавна набавка, услуга: Мобилна телефонија. Во врска со спроведената анализа, а согласно член 36-а став 9 од Законот за јавни набавки, Агенцијата во писмена форма ги извести економските оператори, на нивната официјална адреса за контакт, дека биле вклучени во анализата на пазарот за предметната потреба од јавна набавка и ги покани да учествуваат во предметната постапка.

За услугата: Мобилна телефонија Агенцијата, покрај критериумите за утврдување на способност - лична состојба и способност за вршење професионална дејност, не предвиде и други критериуми, поради што согласно член 36-а став 2 од Законот за јавни набавки, немаше потреба да побара/обезбеди согласност од Советот за јавни набавки.

Исто така, во прилог Ви ги доставуваме и бараните документи, и тоа:

- Извештај од спроведената постапка бр.05-2221/6 од 15.05.2017 година (Прилог бр.1) и

- Одлука за избор на најповолна понуда бр.05-2221/8 од 16.05.2017 година (Прилог бр.2).

Во постапка за доделување на договор за јавна набавка, за услугата –мобилна телефонија, не се спроведе е-аукција, поради што не е изработен Извештај од спроведена е-аукција.

Со почит,

Прилог: (2)

Службено лице при остварување на правото
на слободен пристап до информации,

Цветанка Митревска

**Имател на информација**
**Агенција за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**по овластување на Директорот,**

**м-р Драгица Љубевска**